Врз основа на Законот за еднакви можности на жените и мажите, член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) а во согласност со Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола 2021- 2026, Советот на Општина Битола на седницата одржана на ден 29.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за еднакви можности во Општина Битола
## за 2026 година

## ВОВЕД

Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Битола за 2026 година претставува стратешки документ со кој се уредува и насочува локалното делување во областа на промовирањето, унапредувањето и заштитата на принципот на еднаквост помеѓу половите во сите сфери на општествениот живот. Програмата произлегува од законската обврска на општините да обезбедат родова еднаквост во рамките на своите надлежности и да го имплементираат Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и да придонесат во спроведувањето на националните политики и стратегии за оваа област.

Важноста на оваа програма произлегува од потребата за обезбедување на еднаков пристап до ресурси, услуги и можности за сите граѓани, без оглед на полот, возраста, етничката припадност, попреченоста или социјалниот статус. Програмата претставува инструмент за спроведување на локални политики што ја промовираат родовата еднаквост, ја зајакнуваат институционалната чувствителност и создаваат услови за активно учество на жените и мажите во јавниот, економскиот и општествениот живот.

Во последните години се забележува позитивен тренд на јакнење на националните и локалните механизми за родова еднаквост, што се одразува и на работата на општинските комисии и советите. Истовремено, извештаите на UN Women, Европската комисија и Агенцијата на ООН за родова еднаквост укажуваат дека иако е постигнат напредок во законската рамка, на локално ниво и понатаму постојат предизвици во однос на практичната примена, особено во делот на економското јакнење на жените, родово одговорното буџетирање и заштитата од родово базирано насилство.

Во согласност со препораките на Националната стратегија за родова еднаквост (2021–2026), како и со Стратегијата за спречување и заштита од дискриминација (2022–2030), Општина Битола ја усогласува својата локална политика со целите за одржлив развој на Обединетите нации, особено со Цел 5 – Родова еднаквост.

На локално ниво, Општина Битола се соочува со слични предизвици како и останатите општини во државата – ограничени ресурси, недоволна застапеност на жените во процесите на одлучување, како и потреба од континуирано јакнење на институционалните капацитети за примена на родово одговорни политики. Програмата има цел да обезбеди континуитет во спроведувањето на активностите кои произлегуваат од Стратегијата за родова еднаквост на Општина Битола (2021–2026), како и да придонесе кон реализацијата на приоритетите утврдени во Програмата на Градоначалникот на Општина Битола 2025–2029, во делот на социјална инклузија, рамноправност и човекови права.

Со оваа Програма, Општина Битола ја потврдува својата заложба за општество базирано на еднаквост, солидарност и почитување на различностите, при што секој граѓанин ќе има можност рамноправно да учествува во креирањето и користењето на јавните политики и услуги.

## ВИД НА ПРОГРАМА

Вертикална – локална програма за промовирање и унапредување на родова еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите.

## ПРАВНА ОСНОВА

Законски обврски:

Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РСМ“ бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015), со кој се уредува промовирањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите во јавниот и приватниот сектор и се забранува дискриминација по основ на пол.

Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), кој ѝ дава надлежност на општината да спроведува политики за родова еднаквост и еднакви можности.

Закон за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), кој го гарантира правото на еднаков третман и ја забранува дискриминацијата по основ на пол, род, сексуална ориентација и други лични својства.

Закон за семејството и Кривичниот законик, во деловите што се однесуваат на заштита од родово базирано и семејно насилство.

Обврски кои произлегуваат од национални стратегии и документи:

Национална стратегија за родова еднаквост 2021–2026;

Национален акциски план за родова рамноправност;

Стратегија за спречување и заштита од дискриминација 2022–2030;

Национална стратегија за социјална инклузија на Ромите 2022–2030;

Национална стратегија за лица со попреченост 2023–2030;

Стратегија за климатски промени и одржлив развој на РСМ;

Стратегија за децентрализација 2021–2026, во делот за локална рамноправност и учество на граѓаните.

## ПРОЦЕС НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ИЛИ ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ТОЧКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Изработката на Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Битола за 2026 година произлегува од континуиран процес на анализа, консултации и проценка на состојбите во областа на родовата еднаквост на локално ниво. Почетната позиција на програмата се заснова на спроведената Програма за еднакви можности 2025, како и на резултатите и искуствата добиени од активностите реализирани во претходниот период.

Во фазата на подготовка беа разгледани извештаите од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, достапните податоци од општинските сектори, Центарот за социјални работи, Агенцијата за вработување, образовните и здравствените установи, како и податоците од невладиниот сектор.

Анализата на состојбата укажа дека и покрај законски воспоставените механизми, во одредени области и натаму постојат разлики во положбата на жените и мажите. Жените се почесто изложени на економска зависност, невработеност и пониско ниво на учество во процесите на одлучување, додека мажите, особено во руралните средини, се помалку вклучени во активности поврзани со грижа за семејството и здравствена превенција.

Посебен акцент беше ставен на маргинализираните категории – жени Ромки, самохрани родители, лица со попреченост, млади од социјално ранливи семејства и стари лица. Податоците од

локалното социјално мапирање на Општина Битола покажуваат дека овие групи се соочуваат со зголемен ризик од сиромаштија, недоволна застапеност во образованието и ограничен пристап до услуги.

Во процесот на подготовка на програмата беа земени предвид резултатите од претходно реализирани активности. Најчесто потенцираните потреби беа: подобра информираност за мерките за поддршка на женското претприемништво, зголемување на учеството на жените во јавниот живот, достапност до услуги за жртви на насилство и поголема едукација во областа на родовата рамноправност во училиштата.

Процесот на концептуализација и одлучување се одвиваше преку активна вклученост на Комисијата за еднакви можности, општинските сектори и граѓанскиот сектор. За обезбедување на балансирано учество, консултациите беа отворени за претставници од двата пола, различни возрасни категории, етнички заедници и здруженија кои работат со лица со попреченост и маргинализирани групи.

При подготовката беа користени и релевантни национални и меѓународни извештаи – извештајот на UN Women за родова еднаквост во локалното управување, Годишниот извештај на Народниот правобранител за состојбата со дискриминацијата како и Извештајот на Европската комисија за напредокот на Северна Македонија во делот за човекови права и родова еднаквост.

Овие извештаи и консултации овозможија програмата за 2026 година да биде насочена кон конкретни и мерливи подобрувања, особено во делот на родово одговорното буџетирање, зголемувањето на женското учество во јавниот живот и подобрувањето на пристапот до услуги за најранливите категории граѓани.

## ЦЕЛИ

Цел на Општината заедно со Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Основна цел на Програмата за активностите на Општина Битола во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2026 година е:

Да се унапреди родовата еднаквост и да се обезбедат еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на јавниот, економскиот, социјалниот и културниот живот во Општина Битола, преку систематско интегрирање на родовата перспектива во локалните политики, буџетирањето и програмите на општината.

Под-цели:

Зајакнување на институционалните и човечките капацитети на Општина Битола и Комисијата за еднакви можности за имплементација на родово одговорни политики и буџети, во согласност со националните стандарди и стратегијата за родова еднаквост 2021–2026.

Подобрување на пристапот до информации, услуги и ресурси за жените и мажите, со посебен акцент на ранливите и маргинализирани групи (жени Ромки, лица со попреченост, самохрани родители, стари лица и невработени жени).

Поттикнување на активна партиципација и родово балансирано учество на жените и мажите во процесите на одлучување, креирање политики и управување со јавните ресурси на локално ниво.

## ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање дебати за определени прашања
- Организирање обуки по определени прашања
- Формирање на коалиции на НВО за организирано дејствување
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД МЕРКИТЕ

Програмата за родова еднаквост има за цел да обезбеди подобрување на положбата на граѓаните на локално ниво, со посебен осврт на девојчињата и момчињата, жените и мажите. Ефектите од мерките ќе се манифестираат преку подобрување на пристапот до услуги, подигање на свест и унапредување на можностите за активно учество на сите граѓани во различни сфери на општествениот живот.

Краткорочни резултати:

Подигната свест за родова еднаквост преку медиумски кампањи, работилници, едукации и активности во локалната заедница.

Подобрување на знаењето и компетенциите на жените и мажите за користење на услуги во здравството, социјалната заштита, културата и спортот.

Вклучување на ранливи групи (самохрани родители, деца од социјално ранливи семејства, жртви на насилство) во активностите на програмата.

Спроведена анализа и добиени податоци за постоечката родова нееднаквост и потребите на различните целни групи.

Креирани практични алатки, платформи и иницијативи за поддршка на родова еднаквост.

Долгорочни резултати:

Унапредена родова еднаквост во пристапот и користењето на програмите на локално ниво.

Стабилна интеграција на родовиот пристап во креирањето на локални политики и програми.

Подобрена психосоцијална и економска положба на жените и ранливите групи, вклучително жени жртви на семејно насилство.

Намалување на родовите стереотипи и промовирање на култура на еднаквост во локалната заедница.

Подобрување на квалитетот на услугите за граѓаните преку вклучување на родови индикатори и стандарди во системите на здравство, образование, социјална заштита и спорт.

Долгорочно влијание:

Создавање одржлив модел на родова еднаквост во општината, кој ќе се користи како пример за други локални заедници.

Зголемена социјална кохезија и фер можности за учество на сите граѓани, без разлика на пол и возраст.

Формирање на локална култура на родова инклузија, каде жените и мажите, девојчињата и момчињата, ќе имаат рамноправни можности за образование, здравство, култура, спорт и економски активности.

Зголемена видливост и транспарентност на ефектите од политиките и активностите за родова еднаквост на локално ниво.

## РИЗИЦИ

Претпоставки за успешна реализација на програмата:

- Поддршка од локалната власт, институциите и здруженијата на граѓани за спроведување на активностите.
- Достапност на потребниот финансиски ресурс за сите активности предвидени во програмата.
- Партнерска соработка со медиуми, здруженија и експерти од различни области (здравство, образование, социјална заштита, спорт, култура).
- Активно учество на граѓаните, особено на ранливите групи и жртвите на родово основано насилство.
- Достапност на едукации, експерти, обучувачи и персонал за спроведување на активностите.
- Законска и институционална рамка која овозможува имплементација на мерките за родова еднаквост.

Главни ризици:

• Недоволна финансиска поддршка или доцнење на буџетските средства за реализација на активностите.

• Недоволно активно учество на граѓаните и целните групи поради недоверба, срам или недостапност на информации.

• Недостаток на експертиза или капацитет кај партнерите за спроведување на специфични активности (како дигитализација на бизниси, едукации за здравје или насилство).

• Социјални и културни бариери кои го намалуваат влијанието на мерките за родова еднаквост (стереотипи, дискриминација, отпор кон промени).

• Епидемиолошки или други непредвидливи настани (како здравствени кризи) кои може да го ограничат физичкото присуство на активности или да ги променат приоритетите.

• Недостаток на доволна медиумска и јавна поддршка за промоција на активностите, што би можело да ја намали свеста на локалното население.

Мерките за ублажување на ризиците:

- Строго следење на финансиските средства и развој на резервни планови.
- Интензивна кампања за информирање и мотивирање на граѓаните за учество.
- Вклучување експерти и обучување на персонал за специфичните активности.
- Партнерска соработка со локални медиуми за поддршка и промоција на активностите.
- Флексибилност при адаптирање на активностите во случај на непредвидливи ситуации.
- Континуирано следење и евалуација на ефектите за навремено корегирање на активностите.

## СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ/ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето и евалуацијата на програмата за родова еднаквост ќе се врши од страна на КЕМ, со помош на здруженијата на граѓани и општината. За таа цел ќе се изготви план за мониторинг, а извештајот ќе се ажурира на секои шест месеци. Податоците за индикаторите ќе се добиваат од евиденциите на реализираните активности, анкети со учесници, медиумски известувања и извештаи од партнерски организации.

Извештаите ќе вклучуваат информации за тоа кои активности се реализирани, зошто одредени активности не се спроведени и родова статистика на корисниците. Покрај тоа, ќе се мерат бројот на учесници по пол и возраст и нивното ниво на задоволство преку кратки анкети. Реализираните активности ќе се промовираат преку локални медиуми, веб платформи и социјални мрежи.

Ефикасноста на програмата ќе се мери преку исполнување на планираните активности и бројот на корисници, додека ефективноста ќе се гледа преку долгорочните резултати, како што се зголемена самодоверба, подобрена економска положба на жените и намалување на родово основаното насилство. Извештаите ќе се користат како основа за подобрување на програмата, идентификување на слабостите и оптимизирање на активностите и буџетот.

## ОБЛАСТ НА ДЕЛУВАЊЕ

Општина Битола во соработка со Комисијата за ЕМ и недискриминација пристапи кон изработка на програма за еднакви можности 2026 година во следните области :

## Воведување на родов пристап во креирање политики

- Обуки за родова интегрција на вработените и советот на ОБ
- Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот
- Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на институциите и училиштата
- Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати

## Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола

- Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници
- Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките

## Родова еднаквост преку образование

- Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта
- Премостување на родовиот јаз во технички науки
- Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство
- Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители)

## Родова еднаквост преку култура

- Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден на женските права - 8 март
- Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички

## Родова еднаквост преку медиуми

- Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување
- Дигитализација на микро- бизниси (услуги ) во сопственост на жени.
- Кампања за подеднаква поделба на товарот на домот

## Родова еднаквост преку здравство

- Подигање на свест за репродуктивно здравје
- Подигање на свеста на средношколска та младина за опасностите сексуално преносливите болести во насока на превенција на истите

## Родова еднаквост преку социјална заштита

- Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината
- Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени

.

### Родова еднаквост преку спорт

- Поддршка на женски фудбалски и кошаркарски клубови
- Едократна парична награда за женски спортски клубови

## Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство и трговија со луѓе

- Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството и превенција од трговија со луѓе
- Организирање на активности, насочени кон подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација
- Поддршка на Специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство
- Анализа на состојба на родовобазирано насилство и семејно насилство

## Родова еднаквост и економското јакнење на жената

- Подигнување на свеста на рураланат жена
- Климатските промени и влијаните врз земјоделието
- Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 )
- Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови за активните мерки за вработување)
- Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка
- Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Пелагонискиот регион

## Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка

- Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Пелагонискиот регион
- Јакнење на капацитетите на локалните комисии и реализиација на заеднички активности и проекти

## ЗАВРШНИ И ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола" и важи за периодот 2026 година, освен ако не е предвидено продолжување.

Сите активности предвидени со програмата треба да се спроведуваат во согласност со националните закони и регулативи, како и со принципите на родова еднаквост.

КЕМ и партнерските организации се обврзуваат да обезбедат транспарентност и отчетност во реализирањето на програмата, како и редовно известување на надлежните органи.

Извештаите за мониторинг и евалуација се обврзувачки и се користат за идентификување на успешните практики, предизвиците и потребите за дополнителни мерки.

Програмата може да се ревидира и надградува врз основа на резултатите од следењето, евалуацијата и препораките на стручни тела, со цел непрекинато подобрување на родовата еднаквост на локално ниво.

Финансиските средства предвидени во програмата се наменети исклучиво за активности наведени во програмата и мора да се користат согласно утврдените буџетски процедури.

## АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2026

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Воведување на родов пристап во креирање политики, унапредување еднаквите можности за пристап и корист на програмите од страна на мажите и жените** | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Унапредување на механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите кои се разгледуваат од советот (Родова анализа на програмите) | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците<br>Родова анализа на програми (3 секоја година) | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како основа за следење и планирање мерки | Континуирано | Нема финансиски импликации | Листа на индикатори<br>Усвоена<br>Податоци собрани<br>Број на родово одговорни интервенции кои се воведени во програми |
| Воведување на механизам за обезбедување родово разделени податоци за внатрешната организација на | ОБ | Развој на динамика на собирање на податоците и алатки за собирање на податоците и нивна | Да се обезбеди редовно ажурирање и анализа на родово разделената статистика и информации како | Континуирано | Нема финансиски импликации | Родово разделени статистички податоци за општинските институции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| институциите и училиштата | | обработка и примена<br><br>Собирање на родово-разделени податоци<br><br>Изготувување и печатење на инфографик со анализа од собраните податоци со преораки за подобрување | основа за следење и планирање мерки | | | |
| Унапредување на механизам за следење на родово еднакви резултати | КЕМ | Унапредување на перформанс индикатори и динамика на нивно следење<br><br>Воведување на родова перспектива во формуларите за доделување на помош / средства и известување | Да се подобри механизам за следење на родово еднакви резултати<br><br>Систем за следење на успех преку родови индикатори | 2026 | Нема финансиски импликации | Листа на перформанс индикатори<br><br>Формулари (родово сензитивни) усоени<br><br>Работилница оддржана<br><br>Број на учесници на работилница |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Обука за родово одговорни индикатори | | | | |
| Обука за родова интеграција и објава на граѓански родово одговорен буџет | Сектор за финансии<br>Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>UN Women | Обука за родова интеграција и составување граѓански родово одговорен буџет | Да се подобри механизам за следење на родово еднакви резултати | 2026 | Нема финансиски импликации | Објавен родово одговорен граѓански буџет |
| Родово одговорни мерки | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>UN Women | Пилот родово одговорни мерки (во образование, здравство, социјална заштита, ЛЕР, животна средина, спорт, култура, комунални дејности, урбанизам, млади) | Да се зајакне учеството на жените | 2026 | Нема финансиски импликации | Број на родово одговорни мерки кои се воведени во програми |
| Родово одговорна постапка | Сектор за финансии<br>Сектор за јавни набавки<br>Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>UN Women | ОбукаРодово одговорни повици за граѓански организации<br>Родово одговорни повици за граѓански организации | Родово одговорна постапка на јавни набавки (критериуми) за проекти со НВО | 2026 | Нема финансиски импликации | Објавен родово одговорен граѓански буџет |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Градење на капацитет | Интерсекторска група за родово одговони политики и буџети на ОБ<br>КЕМ<br>UN Women | Обука | Градење на капацитет за подготовка и објава на годишен фискален родово одговорен извештај на општина Битола | 2026 | Нема финансиски импликации | Објавен годишен фискален родово одговорен извештај на општина Битола |
| Состојбата и ефектите на мерките за родова еднаквост во општина Битола | ЗГ, КЕМ и општинските одделенија | Проценка на ефикасноста на мерките за родова еднаквост спроведени преку култура, медиуми, здравство, социјална заштита, спорт и активности против родово основано насилство.<br>Идентификација на главните предизвици и можности за подобрување на пристапот кон родова еднаквост. | Проценка на ефикасноста на мерките за родова еднаквост | 2026 | 50.000 МКД | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Мапирање на вклученоста на различни целни групи (жени, мажи, младинци, ранливи групи).<br><br>Извештај со детална анализа на реализираните активности и нивниот ефект врз родовата еднаквост.<br><br>Препораки за подобрување на идните мерки и политики.<br><br>Визуелизација на податоците преку графикони и табели за полесна интерпретација. | | | | |
| | **Зголемување на учеството на жените и мажите во донесувањето на одлуки и пристапот до ресурси во Општина Битола, воведување родов пристап во дизајнот и управувањето со општинските услуги и унапреди пристапот и користа од нив за мажите и жените** | | | | | |

| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јакнење на жени / мажи идни раководители преку работилници | КЕМ<br>Совет<br>Градоначалник | Работилници за подигнување на свеста за родовата еднаквост и родовите перспективи во програмите на општината | Да се зајакне свеста за еднакви можности | 2026 | Нема финансиски импликации | Број на работилници<br>Број на учесници |
| Ефективно учество во институциите и донесувањето на одлуките | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Градоначалник | Примена на прашалник со кои се проверува дали женската перспектива е вградена во одлуките | Да се зајакне учеството на жените | 2026 | Нема финансиски импликации | Прашалник применат |
| | **Родова еднаквост преку образование** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Квалитативна анализа на причините за помал опфат на девојчиња во некои училишта | КЕМ<br>ЗГ | Истражување<br>Анализа на причините | Намалување на родова нееднавост во образование | 2026 | ***25.000 МКД*** | Анализа за причините спроведена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Предлог мерки презентирани пред општината | | | | |
| Обука за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | КЕМ<br><br>ЗГ | Спроведување обука со ученици од средните училишта за зајакнување на капацитетите за препознавање и подигање на свеста на родово базирано насилство | Намалување на родова нееднавост и родово базирано насилство | 2026 | ***Програма за ЛЕР***<br><br>***(средтсва од поддршка на ЗГ)*** | број на обуки и учесници |
| Премостување на родовиот јаз во технички науки | КЕМ<br><br>ЗГ<br><br>Бизнис сектор | Анализа на постигнувањата на момчиња и девојчиња во природни науки и математика<br><br>Родова анализа на транзација од средно во високо образование по струки<br><br>Серија на предавања / | Намалување на родова нееднавост во образование | 2026 | ***25.000 МКД*** | Анализа направена<br><br>Предавања оддржани<br><br>Број на посетители на предавања<br><br>Број на девојчиња кои се запишале на техничи науки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | инспиративни говори на успешни жени во технички науки | | | | |
| Подршка на образовните потреби на деца во училишна возраст (самохрани и ниско образовни родители) | КЕМ<br>ЗГ<br>ОБ<br>Средни и основни училишта | Анализа на образовните потреби на деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители<br>Подготовка на активости произлезени како приоритетни образовни потреби од анализата | Подобрување на образовниот процес за деца во училишна возраст од самохрани и ниско образовни родители | 2026 | ***20.000 ден*** | Број на деца вклучени |
| | **Родова еднаквост преку култура** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Промоција на родова рамноправност – Прослава на меѓународниот ден | КЕМ<br>Одделение за јавни дејности<br>Совет на ОБ | Развивање на културна програма за овие настани | Подигање на свест за родова еднаквост | 2026 | Програма за култура | Организирани настан<br>Број на учесници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| на женските права - 8 март<br><br>Поставување на хибридни култури настани од жени уметнички | ЗГ | Организирање на настани | | | | |
| | **Родова еднаквост преку медиуми** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Организирање на кампања за јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за самовработување | КЕМ преку ЗГ | Медиумски покриена кампања<br><br>Широко распространета на социјални мрежи со споделени информации и корисни програми<br><br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата и ќе остварува контакт со жени жртви на семејно насилство за самовработување | јакнење на самодовербата на жена жртви на семејно насилство за отварање на сопствен бизнис | 2026 | **20.000МКД** | Број на споделени информаци<br><br>Број на превземања на социјални мрежи<br><br>Број на жени со кои ќе се стапи во контакт |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Извештај | | | | |
| Дигитализација на микро- бизниси (услуги ) во сопственост на жени. \| | КЕМ<br>ЗГ | Ангажирање на лице кое ќе подготви веб платформа<br>Повик до бикро бизниси управувани од жени да земат учество во платформа | Создадена платформа за закажи термин за фризер/козметика, нарачај зеленчук/овошје со достава до дома | 2026 | **Донатори** | Број на бизниси вклучени во платфоема |
| Кампања за поеднаква поделба на товарот на домот | КЕМ<br>ЗГ | Медиумски покриена кампања<br>Широко распространета на социјални мрежи<br>Ангажирање на лице кое ќе ја води кампањата | Подигање на свест за родова еднаквост | 2026 | ***15.000 МКД*** | Објавен конкурс<br>Број на доставени стории |
| | **Родова еднаквост преку здравство** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подигање на свест за репродуктивно здравје | Здруженија на граѓани<br>КЕМ<br>Доктори од ЦЈЗ | Спроведување на здравствена едукација за абортус, рак на дојка, простата и сл. | Подигање на свест | 2026 | ***30.000 МКД*** | Број на едукации<br>Број на учесници |
| Подигање на свеста на средношколската младина за опасностите сексуално преносливите болести во насока на превенција на истите“ | Здруженија на граѓани<br>КЕМ<br>Доктори од ЦЈЗ | Анкета за познавањата на младите за СПБ, предавања за СПБ во средни училишта, повторно анкетрање | Подигање на свест | 2026 | ***15.000 МКД*** | Број на ученици кои се анкетирани и запознати со ризиците од СПБ и превенцијата од нив |
| | **Родова еднаквост преку социјална заштита** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Родова анализа на корисниците на социјалната помош која се доделува од општината | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>***ЗГ*** | Истражување<br>Анализа и утрдување на критериуми за унапредување на родова еднаквост при доделување на | Унапредување на родова еднаквост | 2026 | ***////////*** | Извештај<br>Измена на критериумите за доделување на помош |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | социјалана помош од општината | | | | |
| Подобрување на квалитетот на животот на возрасните мажи и жени | КЕМ<br>Совет на ОБ<br>Здружение на пензионери | Организирање на обуки за собирање на податоци за потреби на трудовите инвалиди, самци и стари луге корисници на социјална помош КЕМ да подготви опис и критериуми на услугата а општина да организира тендерска процедура за ЗГ кои би ја спровела ова активност | Унапредување на родова еднаквост | 2026 | ***20.000 МКД*** | Извештај со конкретните потреби споделен до КЕМ |
| | **Родова еднаквост преку спорт и млади** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Поддршка на женски клубови/ здруженија кои се натреваруваат | КЕМ<br>Совет на ОБ | Идентификација на клубовите | Промоција на женски спорт; | 2026 | **Програма за спорт и млади** | Број на клубови кои добиле парична награда |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| во највисоките првенствени лиги од колективните спортови<br><br>Едократна парична награда за женски спортски клубови | Градоначалник | Донесување на одлука за висина на парична помош и форма (учество на натпревари и/или тековни трошоци) | намалување на родови стереотипи | | | |
| | **Родова еднаквост преку активности против родово основано насилство  и трговија со луѓе** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Организирање на едукативни работилници со цел на информирање за сите форми на насилството  и превенција од трговија со луѓе | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач<br><br>Анализа на потребите за обука<br><br>Развој на програма за обука<br><br>Доставување на обука<br><br>Извештај | Подигање на свест | 2026 | **20.000 МКД** | Број на спроведени активности; број на учесници на работилниците |
| Организирање на активности, насочени кон | КЕМ преку ЗГ | Ангажирање обучувач | Подигање на свест | 2026 | **20.000 МКД** | Број на спроведени активности; број |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| подигнување на свеста за своите фундаментални права, промовирање на женските човекови права и родовата еднаквости препознавање на дискриминација | | Анализа на потребите за обука<br>Развој на програма за обука<br>Доставување на обука<br>Извештај | | | | на учесници на работилниците |
| Специјализирано советувалиште за лица  кои преживеале насилство | Општина Битола, Министерства,донатори | Континуирана поддршка  на специјализирано советувалиште за лица кои преживеале насилство со цел надминување на последиците и траумите од насилството и јакнење на самодовербата на жртвите. | Зајакнување на лица жртви на насилство | 2026 | 1.000.000,00 | Воспоставен советувалишен центар за жртви на семејно насилство<br>Изготвена програма за економско јакнење на лица во социјален ризик<br>Изготвена програма за психосоцијална поддршка на жени |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | жртви на семејно насилство<br><br>Број на лица (поделени по род и социјален ризик) вклучени во програмата кои добиле психосоцијална поддршка и советување<br><br>Број на лица (поделени по род и социјален ризик) кои биле вклучени во обуки |
| | **Родова еднаквост и економското јакнење на жената** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Стратегија за развој на женско претприемништво 2026-2029 | Консултант во соработка со ЗГ, КЕМ и општинските одделенија | Изработка на локална стратегија за поттикнување и развој на женското претприемништво, | Да се создаде стратешка рамка за поттикнување на женското претприемништво | 2026 | **300.000 ден** | Изготвена и усвоена стратегија за женско претприемништво<br>Број на одржани |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | која ќе опфати анализа на постојната состојба, идентификување на бариери, мерки за поддршка и план за промоција на жените претприемачи. Процесот ќе вклучи јавни консултации и учество на сите релевантни чинители – бизнис заедницата, здруженијата, институциите и жените претприемачи. | и економско јакнење на жените во општината, преку подобрување на пристапот до информации, финансии и обуки. | | | јавни консултации Број на вклучени заинтересирани страни (жени претприемачи, институции, здруженија) Ниво на примена на предложените мерки во следните години |
| Подигнување на свеста на рураланат жена | КЕМ | Обележување на 15 октомври – меѓународниот ден на руралната жена (дебата)<br><br>Едукација за промените во | Економско јакнење на руралната жена | 2026 | **10.000 ден** | Одржана дебата<br><br>Број на присутни жени од руралните средини |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | програмата за ИПАРД<br>Зајакнување на економската положба на жена во рурални подрачја | | | | Број на одржани едукативни средби |
| Климатските промени и влијаните врз земјоделието | КЕМ<br>МТСП | Обука за мерките за заштита од климатски промени, информации за финансиски средства за истите | Навремено спречување и заштита на земјоделските површини од климатски промени | 2026 | 40.000 ден | Број на реализирани обуки<br>Број на учесници |
| Зголемен број на жени претприемачи (отворени денови, едукација за сопствен бизнис 30 ) | КЕМ<br>Совет за женско претприемништво<br>АВРСМ<br>АППРМ | Отворени денови<br>Промоција<br>Едукација | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2026 | 20.000 ден | Број на изложувачи и број на посетители<br>Број на обуки и број на слушатели<br>Број на ѓени кои отвориле сопствен бизнис |
| Олеснат пристап на жените до пазарот на трудот( промотивни денови | ЗГ<br>КЕМ | Отворени денови<br>Промоција | Зголемено учество на жените на пазар на труд | 2026 | 20.000 ден | Број на промотивни |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| за активните мерки за вработување) | АВРСМ | Едукација | | | | настани и број на слушатели |
| Поддршка на работат на Советот за женско претприемништво | Општина Битола<br>КЕМ | Преку јавен повик достава на активности на Советот | Зајакнување и поголема препознатливост на Советот на женско претприемништво | 2026 | Програма за социјална заштита | Број на активности<br>Број на промотивни настани |
| | **Родова еднаквост и меѓуопштинската регионална соработка** | | | | | |
| ***Активност*** | ***Одговорни*** | ***Опис на активност*** | ***Цел*** | ***Време*** | ***Финансиски Ресурси*** | ***Индикатори*** |
| Соработка на локалните комисии за еднакви можности во Пелагонискиот регион | КЕМ | Работни средби<br>Панел дискусии<br>Обуки | Јакнење на капацитетите на локалните комисии и реализиација на заеднички активности и проекти | 2026 | **30.000 ден** | Број на реализирање настани , проекти, обуки и сл. |

ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ 2026

| **Реден број** | | **Датум на реализација** | **Институција** | **ставка** | **\|Износ (Денари)\|** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Реализација на проекти за ЕМ / советовалиште за ЖСМ | 2026 | ЗГ | 463110 | 1.300.000 ден |
| 2 | Стратегија за развој на женско претприемништво 2026-2029<br><br>Вкупно | 2026 | ЗГ | 463110 | 300.000 ден<br><br>1.600.000 ден |

Бр 09-137/15
29.12.2025 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Бојан Бојкоски